| Неделна Тема | Гладното врапче |
|---|---|
| **Содржина на денот** | Џив, џив врапчо сив |
| **Возраст** | 2-3години |
| **Воспитувач** | Сања Ѓуреска |
| | **Дневни активности** |
| **Здрави и безбедни навики** | Разговор за тоа  како можеме да го зачуваме нашето здравје – носење на топла облека во зима. |
| **Активности** | Активноста  започнете ја  со разговор по слика за врапчето. Најпрво запознајте го детето со врапчето, именувајте го и опишувајте го неговиот изглед ( боја, крилја, клунче и сл.). Разговарајте за тоа дека врапчето има пердуви на него, крилја со кои може да лета, живее во гнездо и сл.<br><br>Откако ќе се запознаете со врапчето и неговиот изглед позборувајте за грижата кон него ( времето е студено, а врапчето е мало и нежно  треба да се прехрани за  да може да ја презими зимата,  односно дека треба да му даваме трошки , разни семиња, но може да му направиме и куќичка каде ќе може да се засолни и топли за време на студените зимски денови).<br><br>Активноста завршете ја со слушање на песната „Дете и врапче“ – Поточиња 2005год.<br><br>‣Во прилог линк од песната: „Дете и врапче“<br>https://www.youtube.com/watch?v=_y6eCKDw2GU |